# БИЛТЕН

# „Од каде ги добиваме парите и како ги трошиме“

**Општина Центар**
**Скопје**
**ул. „Михаил Цоков„, б.б.**
**web page: www.opstinacentar.gov.mk**

# ОПШТИНА ЦЕНТАР

## „Од каде ги добиваме парите и како ги трошиме“

### Со почит кон граѓаните

Основните принципи на квалитетно граѓанско општество се транспарентност во работењето и отчетност за сработеното. **Општина Центар**, врз основа на овие принципи, во интерес на локалното население и со цел континуирано да ги задоволува потребите и очекувањата на граѓаните, го изготви овој билтен преку кој овозможува пристап до сите релевантни информации поврзани со општинскиот буџет.

### Кој го донесува општинскиот Буџет?

-**Советот на општината** го донесува Буџетот за наредната година најдоцна до 31 декември во тековната година. Буџетот се донесува на јавна седница на советот, што значи дека присуството на јавноста е задолжителна.

-**Градоначалникот на општината** го доставува предлогот на буџетот до Советот на општината и е одговорен за извршување на буџетот.

### Како се креира Буџетот во Општина Центар?

Градоначалникот, најдоцна до 30-ти август, подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финансиски планови до сите сектори и буџетски корисници. Најдоцна до 30-ти септември сите сектори и буџетски корисници ги доставуваат финансиските планови и предлог пресметки за наредната година со образложение за висината на износите по позиции. Во истата роковна рамка, до 30-ти септември, Министерот за финансии доставува циркулар-насоки за подготвување на буџетите на единиците на локалната самоуправа за наредната година. Најдоцна до 20-ти октомври Секторот за финансии подготвува проценки на вкупните приходи, ги разгледува, анализира и усогласува предлог пресметките и одредбите за новиот предлог-буџет и го известува градоначалникот за основните параметри. Во истата роковна рамка, до 20-ти октомври, градоначалникот на општината подготвува предлог на план на програми за развој усогласен со насоките од Циркуларот и го доставува до Советот на Општина Центар. Советот го одобрува предлогот на планот на програмите за развој, најдоцна до 15-ти ноември. Во ноември, Секторот за финансии го изготвува нацрт буџетот и го доставува до градоначалникот на разгледување и одобрување. Истиот месец (ноември), Градоначалникот го доставува нацрт буџетот до Советот и организира јавна расправа по нацрт буџетот. Најдоцна до 10-ти декември, Градоначалникот доставува предлог буџет до Советот на Општина Центар. Советот на Општина Центар го усвојува предлогот на буџетот најдоцна до 31-ви декември.

### Како Вашите потреби, преку предлози, можат да влезат во буџетот?

-Граѓаните можат да предложат нивните потреби да влезат во буџетот по писмена форма преку поднесување на барање до општината.

### Кои се изворите на приход на општината?

Извори на финансирање на општината се: **сопствени извори на приходи**, **дотации на средства од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите и задолжувањето.**

Сопствени извори на приходи се:

1. Локални даноци утврдени со закон:
- данок на имот;
- данок на наследство и подарок утврден со закон;
- данок на промет на недвижности и
- други локални даноци утврдени со закон;

2. Локални такси утврдени со закон:
- комунални такси;
- административни такси и
- други локални такси утврдени со закон;

3. Локални надоместоци утврдени со закон:
- надомест за уредување на градежно земјиште;
- надоместоци од комунална дејност;
- надоместоци за просторни и урбанистички планови и
- други локални надоместоци утврдени со закон;
4. Приходи од сопственост:
- приходи од закупнина;
- приходи од камати и
- приходи од продажба на имот со чија продажба не се нарушуваат јавните функции и надлежности на општините;
5. Приходи од донации;
6. Приходи од парични казни утврдени со закон;
7. Приходи од самопридонес и
8. Други приходи утврдени со закон.
Со <u>дотации од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите</u> се обезбедуваат дополнителни приходи во буџетот на општината за финансирање на нејзините надлежности определени со закон.
Од Буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите се распределуваат следниве видови на дотации:
- приходи од данок на додадена вредност;
- наменска дотација;
- капитална дотација;
- блок дотација и
- дотација за делегирана надлежност.

## Буџетот на Општина Центар за 2007 и 2008 година




## Колкави се приходите на општина Центар (од Буџетот за 2007 и 2008 година)?



| Даночни приходи 343.177.049 | Неданочни приходи 51.652.000 | Трансфери и донации 112.709.611 |
|---|---|---|
| Даноци на имот 124.050.000 | Такси и надоместоци 1.515.000 | Трансфери од дгуги нивоа на власт 112.709.611 |
| Донации на специфични услуги 213.017.049 | Административни стоки 48.827.000 | Капитални донации 0 |
| | Други владини услуги 300.000 | |
| | Други неданочни приходи 1.010.000 | |

## Приходи за 2008
**Вкупни приходи: 805.514.247,оо ден.**




| Даночни приходи 328.955.000 | Неданочни приходи 69.083.750 | Трансфери и донации 407.475.497 |
|---|---|---|
| Даноци на имот 133.500.000 | Такси и надоместоци 1.515.000 | Трансфери од други нивоа на власт 406.855.497 |
| Даноци на специфични услуги 189.450.000 | Административни такси 65.588.750 | Капитални донации 620.000 |
| | Други владини услуги 550.000 | |
| | Други неданочни приходи 1.430.000 | |

**Колкави се расходите на општина Центар (од Буџетот за 2007 и 2008 година)?**

## Расходи за 2007
**Вкупни расходи: 507.538.660,оо ден.**



| | |
|---|---|
| **Плати, надоместоци за вработените** | **80.983.666** |
| **Резерви и недефинирани расходи** | **1.700.000** |
| **Стоки и услуги** | **168.997.983** |
| **Субвенции и трансфери** | **6.550.000** |
| **Социјални бенефиции** | **650.000** |
| **Капитални расходи** | **248.657.011** |

**Расходи за 2008**
**Вкупни расходи: 805.514.247,оо ден.**




| | |
|---|---|
| **Плати, надоместоци за вработените** | **227.288.370** |
| **Резерви и недефинирани расходи** | **1.700.000** |
| **Стоки и услуги** | **203.948.037** |
| **Субвенции и трансфери** | **11.642.278** |
| **Социјални бенефиции** | **650.000** |
| **Капитални расходи** | **360.285.562** |

**Каде може да се најде целиот текст на буџетот?**

Целосниот текст на Буџетот за 2007 и 2008 година, како и Годишниот извештај на извршување на Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2007 година, се објавени во „Службен гласник на Општина Центар". Истиот е достапен во електронска форма на интернет страницата на Општината **www.opstinacentar.gov.mk** како и во пишана форма во библиотеката на Општината и е достапен за секој заинтересиран граѓанин, со цел да се обезбеди целосен пристап на јавноста до информации и да се олесни нејзиното разбирање на тоа како се извршуваат работите во локалната самоуправа.